Општина Шуто Оризари-Komuna Šuto Orizari-Komuna Shuto Orizari
Република Северна Македонија-Republika Utarali Makedonija-Republika e Maqedonisë së Veriut

Бр- No-Nr. 10 - 111/5
16.08. 2024 год- berš-viti
СКОПЈЕ- SKOPJE-SHKUP

# С О О П Ш Т Е Н И Е

## ЈАВЕН ПОВИК ЗА ОРГАНИЗИРАЊЕ ПОВТОРЕНА ЈАВНА АНКЕТА И ЈАВНА ПРЕЗЕНТАЦИЈА ЗА ПРЕДЛОГ НА НАЦРТ ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ГРАДСКА ЧЕТВРТ С.08 БЛОК 02 КО БУТЕЛ ВО ОПШТИНА ШУТО ОРИЗАРИ-СКОПЈЕ




**ГУП НА ГРАД СКОПЈЕ-МЕСТОПОЛОЖБА НА ГРАДСКА ЧЕТВРТ С.08 СО БЛОКОВИ 01, 02, 03, 04 ,05, 06 и 07**

**Предметната локација на Четвртта С 08 се наоѓа во северниот дел на градот територијално припаѓа на општина Шуто Оризари и се наоѓа во границите на сообраќајниците: од север - собирна ул. "Новопланирана 11" ; исток –**

собирна ул. "Новопланирана 11" и собирна ул. "Лазар Трповски" ; од запад – собирна ул. "Индира Ганди" (ул. "Шуто Оризари") и од југ – железничка линија (Скопје Север). Градската четврт С.08 зафаќа површина од 101.52ха, во рамки на опфат и 91.81ха во рамки на регулациска линија. Границата на планскиот опфат на четвртта С 08 вкупно е долга 5145.3016 m' и формира површина од 101.52 ха.

Границите на Градска четврт С.08 блок 02 се :

-На север се сопваѓа со оска на собирна улица ,,С1'' согласно со ГУП 2012-2022 година

-На исток и југ се сопваѓа со оска на сервисна улица ,,С2'' согласно ГУП 2012-2022 година

-На запад се сопваѓа со оска на собирна улици ,,Индира Ганди'' (,,Шуто Оризари'') согласно ГУП 2012 -2022 година .

Согласно опишаните граници, вкупната површина на блок С.08.03 изнесува 8,56 ха.Согласно член 13 од Законот за урбанистичко планирање (Службен весник на РСМ бр.32/20 и 111/23) со Јавен повик се известуваат сите заинтересирани жители , правни субјекти и релеваннтни институции дека ќе се оддржи Јавна анкета и Јавна презентација за предлог на Детален урбанистички план за Градска четврт С.08 блок 02 КО Бутел која се наоѓа во рамките на Генералниот урбанистички план на Град Скопје 2012-2022 година, за плански период 2021-2026 година, со технички број 0801-01-02/22 од 04/2024 година изработен од ДПТУ ИВАНОВ ИНЖИНЕРИНГ доо Битола.

Повторената Јавната анкета ќе започне 15 (петнаесет дена) од денот на објавувањето на овој Јавен повик и ќе започне на ден 02.09.2024 година, заклучно со ден 16.09.2024 година и ќе трае 10 (десет) календарски денови.Јавната презентација ќе се оддржи на ден 05.09.2024 година во салата за состаноци на Советот на Општина Шуто Оризари со почеток во 9 (девет) часот.

Нацрт предлогот на деталниот урбанистички план за Градска четврт С.08 блок 02 КО Бутел ќе биде изложен во холот на административната општинска зграда на улица ,,Хаџи Јован Шишко'' бр.36 секој работен ден од 8-16 часот.

Се известуваат сите заинтересирани физички и правни лица и надлежни институции, дека своите забелешки , дополнувања и мислења, за време на спроведувањето на јавната анкета и јавната презентација ќе можат да ги

приложат во анкетните листови кои ќе бидат достапни во хартиена форма во општинската зграда или во електронска форма кои ќе бидат достапни преку информацискиот систем е-урбанизам со број на пстапка 37763 и на веб страната на општина Шуто Оризари www. sutoorizari.gov .mk

Ова Соопштение со Јавниот повик ќе биде објавено на огласната табла во административната општинска зграда, на веб стараната на општината www. sutoorizari.gov.mk во информацискиот систем е-урбанизам со број на постапка 37763, и со соопштенија и плакати околу подрачјето на планскиот опфат.

Скопје 16.08.2024 година

Општина Шуто Оризари
Градоначалник
Курто Дудуш